Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата.

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

За потребите на одделот Високонапонски постројки, Група Релејна заштита и погонски мерења, бараме:

# ЕЛЕКТРО ИНЖЕНЕР - СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА РЕЛЕЈНА ЗАШТИТА И ПОГОНСКИ МЕРЕЊА (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Испитувања пред пуштање во погон на нови системи за релејна заштита, командно-сигнални кола, системи за автоматска регулација на напон и AC и DC развод,
- Изготвување на планови и извршување редовни периодични испитувања на системи за релејна заштита и командно-сигнални кола,
- Анализа на погонски настани и работа на системи за заштита; Прибавување документација и податоци потребни за сетирање на релеи и правилна работа на системот за релејна заштита,
- Евиденција на вградени уреди во системите за релејна заштита, изготвува и архивира записници од извршени редовни и вонредни испитувања,
- Отклонување на недостатоци и дефекти, замена и поправки на елементи од системите за релејна заштита, командно-сигнални кола, AC и DC развод,
- Ожичување на новопоставена или заменета опрема од системите за релејна заштита, секундарни струјни и напонски кругови и сигнализација,
- Учество во подготвка и реализација на концепти, технички и тендерски спецификации потребни за проекти од инвестициона програма и проекти за ревитализација на ЕЕО,
- Врши погонски мерења во ЕЕО – громобранска инсталација и заземјување, напон на допир и чекор.

**Потребни квалификации**

- VII степен на електротехничко образование,
- Искуство со работа на проекти,
- Искуство со работни задачи во кратки рокови,
- Способност за работа со тимови,
- Организираност, точност.

Доколку сте заинтересирани за кариера во Електродистрибуција испратете куса биографија и мотивационо писмо на jobs.elektrodistribucija@evn.mk најдоцна до 13.03.2020.

**Напомена**: Доколку сакате Вашите податоци да бидат зачувани во нашата база на податоци согласно Законот за заштита на лични податоци, покрај биографијата и мотивациското писмо треба да испратите и изјава за дозвола за користење на лични податоци за потребите за вработување.

Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА
ДООЕЛ Скопје
ул.11 Октомври бр.9
Скопје 1000, Македонија
Тел. +389 (2) 3205 300
www.elektrodistribucija.mk
elektrodistribucija@evn.mk

ELEKTRODISTRIBUCIJA
DOOEL Skopje
ul.11 Oktomvri br.9
Skopje 1000, Macedonia
Phone +389 (2) 3205 300
www.elektrodistribucija.mk
elektrodistribucija@evn.mk